ДВИЖЕЊЕ ЗА ПОДДРШКА НА КРЕАТИВНОСТА
ИВО ЛАУРЕНЧИЌ

# „Бајки од Македонија“

# ОТВОРЕН ПОВИК
# за дизајнери - илустратори

По минатогодишниот успешено реализиран проект за креирање на „Слатко со идентитет“, оваа година „Браво сине!’“ ќе даде поттик креативниот потенцијал на младите дизајнери-илустратори да се фокусира на визуелизација на „Бајки од Македонија“.

Причината за избор на ваков тип на проект произлегува од јавниот интерес за приближување на македонското народно творештво кон децата од предучилишна возраст, поттикнување на креативниот потенцијал за визуелизација на наши автентични бајки, креирање на автентични ликови од културното наследство на нашето поднебје и поттикнување на иницијатива за понатамошни активности на ова поле, кое е од големо значење за зачувување и негување на националната вредност, особено во услови на глобализација.

По завршениот Конкурс за избор на издавачка куќа партнер на проектот избраната издавачката куќа „Арс Ламина“ го презема издавачкиот дел на проектот што ќе се реализира по изработката на илустрациите.

Во изборот на бајки од македонското народно творештво со својот стручен капацитет се вклучи Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, со што се обезбеди квалитетна и соодветна селекција при што се избрани бајките: Вејко Северко, Двата цара, Момчето што се скри во Златното јаболко и Девојчето и 12-те месеци.

Адаптацијата на текстот на бајките ја реализираше издавачката куќа „Арс Ламина“. Текстовите на бајките можат да се најдат на www.bravosine.mk  како и понатаму во овој Отворен повик.

Движењето за поддршка на креативноста - Иво Лауренчиќ обезбеди награден фонд од 200.000 денари за првонаградените илустрации и откуп на авторските права.

Сите пријави испратени на интернет адресата Ivo.laurencic@bravosine.mk до 15 декември 2015 година се сметаат за примени од моментот кога ќе им биде доделена шифра од страна на администраторот. Пријавените кандидати анонимно учествуваат до првата селекција на пристигнати решенија, по што може да бидат повикани на лична презентација за планираниот пристап и работата кон целата едиција на бајки, доколку решението биде наградено. Пристигнатите решенија ќе ги разгледува жири комисија составена од претставници на Движењето за поддршка на креативноста ИВО ЛАУРЕНЧИЌ Скопје – “Браво Сине!“, издавачката куќа „Арс Ламина“ и Институтот за фолклор „Марко Цепенков“.

# Правила за учество

Секој пријавен кандидат треба да е државјанин на Република Македонија, на возраст до 35 години и со поднесувањето на пријавата се смета дека ги прифаќа следниве услови за учество:

- Движењето за поддршка на креативноста ИВО ЛАУРЕНЧИЌ Скопје има право да ги изложува на јавни настани креативните решенија (илустрации) поднесени од сите кандидати, со цел популаризирање на креативноста и самиот Проект „Бајки од Македонија“. Здружението се обврзува при изложувањето да го означи името на кандидатот кој го изработил решението. Кандидатот го задржува авторското право врз идејното решение
- Кандидатот чие креативно решение (илустрација) ќе биде наградено, се согласува 20% од вкупната награда да му биде исплатена веднаш, а останатиот дел по завршување на работата – илустрација на четирите бајки
- Кандидатот чие креативно решение (илустрација) ќе биде наградено, ги отстапува сите авторски права на Здружението на граѓани - Движење за поддршка на креативноста ИВО ЛАУРЕНЧИЌ – Скопје
- Секој кандидат гарантира за оргиналноста на идејното/графичкото решение и ја презема целосната материјална и нематеријална одговорност за истото
- Еден кандидат поднесува еден сет на кративни решенија
- Доколку повеќе кандидати го работат решението, еден од нив треба да биде назначен за носител на проектот
- Организаторот го задржува правото на избор на две креативни решенија кои влегуваат во истиот награден фонд

# Дизајнерска задача

Задолжителни елементи:

- Потребно е да се изработат целосно изработени колорни илустрации за надворешна страна и најмалку една внатрешна страна, за една бајка од понудените четири, по избор на илустраторот
- Потребно е да се осмислат и илустрираат автентични ликови и нивни карактери, соодветни на содржината на избраната бајка и нашето поднебје
- Илустрациите треба да бидат оригинални – авторско дело на дизајнерот/илустраторот
- Илустрациите треба да бидат изработени наменски за проектот и досега да не се користени за никаква друга намена
- Во сите илустрации да се задржи истиот авторски стил
- Илустрациите да бидат соодветни за сликовница наменета за деца од предучилишна возраст
- Победникот ќе има обврска целосно да ги илустрира сите четири сликовници, вклучувајќи внатрешни и надворешни страни, по што ќе биде исплатена наградата во вкупниот износ.

Опционални елементи:

- Останати креативни решенија  кои  можат да бидат имплементирани на местата на продажба или алтернативно огласување

## Технички спецификации

- Формат на сликовницата: B5 (176 x 250 mm)
- Илустрации: векторски формат или .tiff, минимум 300 dpi, и .jpg или .png (за преглед)

## Насоки за доставување на предлозите

- Предложените креативни решенија се доставуваат електронски на Ivo.laurencic@bravosine.mk, најдоцна до 15 декември 2015 година.
- Предложените решенија треба да се вклопат во .ppt презентација до 5 MB, може да се достави и pdf документ.

*Со реализација на проектот „Бајки од Македонија“, Движењето за поддршка на креативноста Иво Лауренчиќ – „Браво сине“ се обидува да даде свој придонес во приближување на македонското народно творештво до најмладите и поголема популаризација и реафирмација на традиционалните вредности. Основна мисија на Движењето за поддршка на креативноста Иво Лауренчиќ – „Браво сине“ е поддршка на креативноста кај младите во функција на брендирање и креативна визуализација на автентичните национални вредност*

# ВЕЈКО СЕВЕРКО

Си беа еднаш, многу одамна, татко, мајка и нивното синче. Но, таткото умре и мајката и детето останаа сами. А беа и многу сиромашни.

Еден ден, детето дојде кај мајка му и ја замоли да му направи пита:

„Мамо, одамна не сме јаделе пита, ми се пријаде. Можеш ли да направиш?“

А мајката тажно одговори: „Би ти направила, мило, ама немаме веќе брашно, нема кој да сомеле. А немаме ни жито, нема кој да пожнее“.

Сепак, детенцето отиде во амбарот со жито, кај што беше мелницата, и најде малку брашно, па го собра. Само што го направи тоа – дувна Северко и сето брашно го одвеа!

Детето, плачејќи, се врати кај мајка му.

„Зошто плачеш, сине?“

„Мамо, собрав малку брашно од амбарот, ама дојде Северко, дувна и го однесе.“

Мајка му се обиде да го утеши, но детето беше упорно, па реши да го најде Северко и да си го побара назад брашното.

Утредента детето се разбуди, се облече, си зеде сѐ што му треба за пат и тргна да го бара Северко.

Патуваше така некое време, па сретна еден селанец што си ја ораше нивата. Детето застана и го праша:

„Чичко, дали знаеш да ми кажеш каде живее Северко?“

А селанецот му одговори: „Треба да поминеш седум гори и седум планини и тогаш ќе го најдеш. Многу далеку живее Северко“.

Но, детето не го обесхрабрија овие зборови и тоа продолжи понатаму. Талкаше така дење и ноќе, преку седум гори и седум планини, за да стигне на крајот до куќата на Северко. Детето тропна на вратата, но Северко не беше дома, па тоа си седна на прагот да го почека. Одеднаш, нешто почна да фучи. Сѐ се затресе. И ете ти го Северко, студен и намуртен!

Но, детето не се исплаши, туку застана пред него и му рече: „Добар ден“.

„Што можам да сторам за тебе момче“, го праша Северко со длабок глас.

„Чичко Северко, вака да ти кажам: пред одредено време собрав малку брашно од амбарот за мајка ми да направи пита, но ти дувна и го однесе брашното. Дојдов да те замолам ако може да ми го вратиш назад. Многу сме сиромашни и тоа ни беше последното брашно.“

Северко се сожали на детето, па му рече:

„Момче, еве ти на подарок едно масиче. Ова масиче, иако изгледа многу неугледно, не е обично, туку волшебно. Кога ќе ти се јаде, ќе му речеш: ’Масиче, масиче, дај ми да јадам‘ и масичето ќе ти даде да јадеш сè што ќе посакаш!“

Детето му се заблагодари на Северко, го зеде масичето и тргна да се враќа дома. Патот беше долг, па наскоро детето огладни и реши да побара од масичето да му даде за јадење.

„Масиче, масиче, дај ми да јадам“, рече детето. И види чудо! На масичето се појавија прекрасни јадења, какви што детето можеше само да сонува. Детето се најаде, се одмори малку, па продолжи со патот.

Но, како што знаеме, патот беше долг, па почна да се стемнува, а детето беше уште далеку од дома. Набргу, здогледа една куќа покрај патот, па затропа на вратата. Му отворија домаќините, маж и жена, и го прашаа:

„Каде си тргнало, момче?“

„Патувам долго, а надвор се стемни“, им рече детето, „да ве замолам да ме примите да преноќам кај вас.“

„Повели момче, за преспивање нема гајле. Само, ние сме многу сиромашни и немаме ништо за вечера“, му рекоа домаќините.

„Не грижете се“, им рече детето. „Имам едно масиче и само треба да му кажам: ’Масиче, масиче, дај ми да јадам‘ и тоа ќе ми ги даде најубавите јадења.“

Тогаш детето, кое беше многу добро, веднаш го извади масичето и направи гозба, да јадат сите заедно и никој да не биде гладен. Но, домаќините, кога видоа какво масиче има детето, станаа завидливи и веднаш почнаа да мислат како да му го украдат.

Веднаш по вечерата, тие му наместија на детето да спие во другата соба. Штом тоа заспа, мажот и жената се прикрадоа во собата и му го заменија масичето со друго, многу слично на него.

Утрото, детето не забележа ништо, им се заблагодари на домаќините, си го зеде масичето и си тргна на пат. Кога дојде време за ручек, седна да се одмори. Го стави пред себе масичето и му рече: „Масиче, масиче, дај ми да јадам“. Ништо! Масичето не му даде за јадење.

Детето се налути, па се врати назад кај Северко. Но, Северко веќе знаеше што се случило и му раскажа што всушност направија завидливите домаќини. Тогаш Северко му даде на детето една торба, а во неа едно шарено стапче, и му рече:

„Момче, кога ќе се најдеш во некоја неволја, само отвори ја торбава и кажи: ’На работа, стапче‘ и стапчето ќе почне да мава. Кога ќе сакаш да престане, ќе му речеш: ’Стапче, в торба‘ и стапчето ќе си влезе назад во торбата“.

Детето ја зеде торбата, му се заблагодари на Северко уште еднаш и си замина.

Кога се стемни, ја здогледа куќата на домаќините-крадци, па затропа на вратата. Домаќините отворија и кога го здогледаа момчето се исплашија, но се правеа како ништо да не се случило.

„О, момче, пак патот те донесе кај нас?“

„Ме донесе, ме донесе“, им рече момчето, „па ќе ве замолам да ме примите да преспијам. Ако треба и ќе ви платам. Еве, имам овде една торба, само треба да ѝ речам: ’Торбиче, торбиче, дај ми пари‘ – и таа ќе ми даде.“

Кога го слушнаа ова, мажот и жената веднаш го пуштија да влезе. Сакаа повторно да го измамат и да му ја украдат торбата. И исто како и претходно, штом детето заспа, домаќините тивко се шмугнаа во собата и тргнаа накај торбата.

Но, детето, кое се преправаше дека спие, одеднаш рипна, ја отвори торбата и рече: „На работа, стапче“. А стапчето скокна надвор од торбата и фати да мава по мажот и жената.

„Оф, леле, оф, оф“, викаа тие, а стапчето не престануваше да мава.

„Леле, момче, нека престане стапчево да мава, ќе ти го вратиме масичето“, молеа домаќините.

„Стапче, в торба“, нареди детето, а стапчето си влезе во торбата.

Детето си го зеде масичето и конечно си тргна дома. Мајка му, пресреќна што го гледа, фати да го гушка и да го бацува.

„Сине, каде беше досега“, го праша, а детето ѝ раскажа на долго и на широко што се случи и какви волшебни подароци доби од Северко. И така, со помош на Северко, кој излезе дека не бил толку страшен и лут, мајката и синот си живееја среќно и убаво уште многу, многу години.

**МОМЧЕТО ШТО СЕ СКРИ ВО ЗЛАТНОТО ЈАБОЛКО**

Еднаш одамна, си живееја една жена и нејзиниот син. Еден ден, синот дојде кај мајка си и ѝ рече:

„Мајко, јас ќе одам во светот, сакам да прошетам, да научам многу работи и да направам нешто во животот“.

На мајката ѝ беше жал, но, виде-не-виде, му подготви на момчето за јадење и за пиење и го испрати на пат.

Си одеше така момчето, сè додека не пристигна во една густа и голема шума. Само што влезе во шумата, виде една лисица – фатена во стапица. Момчето се сожали на лисицата, ја ослободи и ѝ помогна да застане на нозе. А лисицата го погледна и му рече:

„Момче, ти ми направи голема добрина. Те молам, кажи ми како да ти вратам за добрината“.

„Не ми треба ништо од тебе, лиске. Ти благодарам, но морам да продолжам по патов.“

Лисицата се насмевна со нејзината лисичја насмевка, скубна две влакна од опашката и му ги даде на момчето:

„Некогаш, кога ќе ти затреба мојата помош, само протриј ги овие влакна и јас ќе дојдам“. Вака рече лисицата, скокна и исчезна во грмушките.

А момчето си продолжи понатаму...

По одредено време, момчето здогледа едно пиле паднато на патот пред него. Пилето беше младо орле, само што пролетано. Летало, па се изморило. Изгладнело, ожеднело и така изнемоштено лежи. Момчето брзо го зеде в раце, му даде да јаде и да пие, па орлето живна и почна да потскокнува.

„Ти благодарам што ми помогна“, рече радосно орлето. „Како да ти се оддолжам?“

Но, момчето само се насмевна и одмавна со раката. Сепак, орлето извади две пердувчиња од крилјата и му ги даде:

„Еве ти ги овие пердувчиња“, му рече. „Ако ти требам, истриј ги со прстите – и таму сум!“

Момчето малку се зачуди, но не рече ништо и продолжи по патот. Излезе од шумата и пристигна до едно море. Си чекореше покрај морскиот брег, ги слушаше брановите, кога пред него на брегот – една риба. Ја исфрлиле брановите и таа кутрата се превртува во песокот и се мачи. Момчето брзо ја грабна рибата и ја фрли назад во водата.

„Фала ти, момче“, му довикна рибата. „Живот ми спаси! Кажи ми како можам јас тебе да ти помогнам?“

Како би можела една риба да ми помогне, си помисли во себе момчето, но беше премногу учтиво ова да го каже на глас, па затоа само рече: „Биди ми добро, рипке. Треба да одам веќе“.

„Чекај!“ рече рипката. „Земи ги овие две крлушки. Кога ќе ти затребам, истриј ги и ќе дојдам кај тебе.“

И си замина момчето. Одеше уште малку по морскиот брег, кога пред него се појави еден голем град, со ѕидишта, кули и царски дворец! Всушност, тука живееше, кој друг ако не – царот!

А царот имаше ќерка, прекрасна, но многу разгалена! Посака царот да ја мажи ќерката и разгласи низ целото царство. Но, царскава ќерка, ем разгалена, ем итра, ем лоша, па му рече на татко си дека ќе се омажи само за оној што ќе успее да се скрие од неа, толку добро што таа не може никако да го најде. Оној што ќе успее да се скрие, ќе го земе за маж, а оној што нема – ќе му летне главата!

„Ќе се обидам јас да се скријам“, си рече момчето, „па што сака нека биде.“ И отиде, застана пред царот и ја побара раката на ќерка му.

„Три дена ќе се криеш“, му рече царската ќерка, „три дена ќе те барам. Ако те најдам – ти летна главата.“

Момчето излезе надвор од градските ѕидишта и си седна покрај морето. Се мислеше долго што да стори, па му текна! Ги извади крлушките од рибата, ги протри, па почека малку. По некое време – оп! – ѕирна рипчето од морето.

„Ме повика?“ праша рипката. И момчето ѝ кажа што треба да направи.

„Не грижи се“, рече рибата, „ќе те скријам внатре во мене“. И ни пет ни шест, момчето се смали и се најде во неа, а таа потоа се пикна во друга риба, таа во трета и така девет риби една во друга се скрија. А најголемата риба во која беа сите други риби, се пикна најдлабоко долу во морето, во најдлабоката тиња.

Дојде утро. Се разбуди царската ќерка, ги протри очите, па го дофати нејзиниот двоглед. А двогледот не беше обичен, туку волшебен! Од него никој и ништо, ни на небо ни на земја, не можеше да се скрие – е таков двоглед.

ДВИЖЕЊЕ ЗА ПОДДРШКА НА КРЕАТИВНОСТА
ИВО ЛАУРЕНЧИЌ

И гледаше таа нагоре кон небото – ништо. Гледаше наоколу по земјата – пак ништо. Тргна да го бара во морето. Го бараше, го бараше... и го најде!

„Ене го, тато“, му рече таа на царот. „Во најдлабоката вода, во девет риби е скриен, внатре во песокот, во тињата.“

А момчето веднаш знаеше дека го нашла: „Пушти ме надвор“, ѝ рече тоа на рибата, „ме најде“.

Како што излезе од морето, го чекаше царската ќерка: „Те најдов, гледаш?“ А момчето си премолчи.

Вториот ден, момчето ги извади пердувите на орелот и го повика. Орелот долета в час.

„Каква мака имаш?“ го праша тој момчето, а момчето сè му раскажа.

„Ајде“, рече орелот, „качи се на мене.“ Момчето се качи, а орелот полета. Летна високо, до друг, поголем орел, а тој уште повисоко – до трет. Третиот орел полета толку многу високо, повисоко не може да биде – горе сосем над облаците!

Но, царската ќерка, итрица, го зеде двогледот и уште повнимателно бараше, затоа што виде дека момчето е паметно. Гледаше по земјата – ништо. Гледаше во морето – ништо. Гледаше по небото, гледаше и гледаше... и го виде!

„Симнете ме долу“, им рече момчето на орлите. „Ме виде!“

И кога се симна долу, царската ќерка му пријде и му рече: „Виде како те најдов?“

„Е, ме најде“, ѝ одговори овој пат момчето.

Третиот ден, момчето излезе надвор во царската градина и ги протри влакната од лисицата. Само што го направи тоа, еве ти ја лукавата лиса, ѕирка од зад едно дрво.

„Знаев дека ќе ме побараш“, му рече лисицата, а момчето ѝ кажа каква мака има.

„Лесна работа“, му рече лисицата, „јас ќе те скријам така што нема да те најде.“

„Како?“ се зачуди момчето, „кај и да се скрив, секаде ме наоѓаше.“

„Дојди вечерва кога ќе се стемни овде во градиниве“, му рече лисицата. „Таму, на средината, има една јаболкница. На неа има едно златно јаболко. Во него ќе те скријам.“

И речено-сторено! Како се стемни, дојде момчето кај јаболкницата. Лисицата го протресе дрвото, го откина јаболкото, па го скри во него момчето. Потоа го стави јаболкото внатре во дворецот, кај царот на маса.

Утредента, стана царевата ќерка и фати да го бара момчето. Бара во водата – го нема. Бара на небото – го нема. Бара по земјата – пак го нема! И се гледаше секаде наоколу, но не ѝ текна да погледне зад неа, на масата каде што стоеше јаболкото. На крајот, се сврти таа кон царот и му рече:

„Тато, го нема никаде.“

„Побарај уште еднаш“, ѝ рече царот.

И побара таа уште еднаш, но никаде го немаше. Само што го остави двогледот, момчето излезе пред неа.

„Е, овој пат не ме најде“, ѝ рече момчето.

„Е, те најдов“, се инаетеше царската ќерка.

„Кажи, тогаш, каде ме најде?“ праша момчето, но таа не знаеше да одговори.

Виде-не-виде, царската ќерка призна дека згрешила, па му се извини и на момчето и на царот за сите непријатности што им ги приреди.

А потоа? Потоа следуваше венчавката... Царот приреди голема веселба, а мајката на момчето заседе почесно место заедно со најзначајните гости од царството. Знамиња се вееја, песни се пееја и цело царство се веселеше.

И така, момчето и царската ќерка си живееја долго и среќно уште многу, многу години.

ДВИЖЕЊЕ ЗА ПОДДРШКА НА КРЕАТИВНОСТА
ИВО ЛАУРЕНЧИЌ

**ДВАТА ЦАРА**

Многу одамна, постоеја две големи и богати царства со кои владееја двајца цареви. Но, од којзнае кои причини, царевите не се сакаа, постојано се караа и војуваа. Секој од нив мислеше дека другиот е лош, па му објавуваше војна. Едниот цар имаше син, а другиот – ќерка.

Еден ден, царот што имаше син, ги собра сите дворјани и објави дека неговиот син е доволно голем да оди првпат на лов, па ги покани да им се придружат. Утредента, штом запеа петелот, царот, неговиот син и дворјаните тргнаа на лов во царските шуми.

Царот им рече на дворјаните дека секој што ќе улови некое диво животно ќе добие златници: за зајак дава еден златник, за еребица – два, за дива свиња – пет златника, а за мечка – десет. Доколку некој улови елен или срна, царот ќе му го подари најбрзиот коњ, а ако синот улови срна – ќе го направи цар!

И така тргнаа сите на лов, едни на една страна, а други на друга. Синот навлезе длабоко во шумата во потрага по животни и заталка. Одеднаш, низ дрвјата здогледа една срна како трча. Тој го збодна коњот и почна да ја брка. Срната бегаше и бегаше, но се сопна од една пенушка и падна. Во моментот кога царскиот син се приближи до неа, срната му проговори:

„Немој, те молам, не ме убивај!"

„Каква ли е оваа магија?" се исплаши царскиот син.

„Те молам", му рече срната, „јас не сум срна, туку девојка, а една лоша вештерка ме претвори во срна и ме пушти во шумата."

Царскиот син се зачуди и додека да се соземе – срната рипна и избега во шумата. Тој не знаеше што друго да прави, па се врати назад кај другите ловци. Кога царот виде дека син му се враќа со празни раце, многу се налути и му рече:

„Синко, ти уште не си созреан да бидеш ловец, а ни цар". А царскиот син се натажи.

Минуваа денови, а тагата на момчето не му минуваше. Ниту му се јадеше, ниту му се пиеше. Еден ден царот, гледајќи како синот тагува, отиде кај него и го праша: „Сине, каква мака имаш, кажи ми. Ако е од срам што не улови срна, не грижи се, ќе има и други пригоди".

Но, царскиот син не одговори ништо. Попладнето го јавна коњот и се упати накај шумата. По некое време стигна до местото каде што ја сретна срната, седна на еден камен и чекаше. Но, срната не се појави, па царскиот син реши да оди уште подлабоко во шумата.

„Не се враќам назад додека не ја најдам срната", си рече.

Јаваше така низ дрвјата, сè додека не пристигна до едно езеро. Веќе почна да се стемнува, па го остави коњот да се напие вода и да пасе трева, а самиот легна покрај езерото да се одмори. Среде црната ноќ, царскиот син го разбуди чудна светлина што доаѓаше од езерото. Стана, ги протри очите и што да види – пред него на езерската вода играа самовили! Едната од нив застана и почна да пее, а царскиот син стоеше како маѓепсан и ја слушаше.

„Многу ми е познат овој глас“, си рече момчето. „Личи на гласот на срната.“

И така маѓепсан од прекрасниот глас, царскиот син влезе во езерото и појде кон неа. Но, самовилата го здогледа и му довикна: „Немој, запри! Ако продолжиш, ќе се удавиш! Ти ми го спаси животот, а сега јас тебе ќе те спасам. Лошата вештерка преку ден нè претвора во срни, а ноќе во самовили. Кога ќе се стемни нè праќа тука, да ги маѓепсаме заталканите ловци за да влезат во езерото и да се удават“.

„Подобро да умрам одошто да живеам без тебе“, ѝ рече жално царскиот син. „Немам мир откога го чув твојот глас, а сега, откога те видов, знам дека нема ни да имам.“

„Оди си, те молам, оди си, ако дознае вештерката, ќе нè убие и двајцата“, му рече самовилата и исчезна.

Царскиот син мислеше што да прави и на крајот си рече: „Нема друго чаре, морам да ја пронајдам и да ја спасам од лошата вештерка“. И тргна да ја бара, иако не знаеше каде да оди и како ќе ја најде.

Во меѓувреме, царот, загрижен што го нема син му, ги испрати сите војници и стражари да го бараат насекаде низ царството. Но, попусто, сите еден по еден се вратија со лоши вести – царскиот син никаде го нема! Целото царство се зави во црнина од жал по царскиот син, а царот, очаен, сосема сам отиде во шумата да го бара. „Или ќе си го најдам синот или не се враќам назад“, си велеше царот. „Што ќе ми е царството без него?“

Синот, пак, талкајќи низ шумата, успеа да излезе надвор од неа, на патот. По одредено време дојде до еден ан, каде што се собираа трговци, војници и други патници. Покрај анот имаше ковачница, а во неа стариот ковач, еден дедо со долга брада, правеше потковици за коњите. Но, толку потковици имаше направено, за да потковаш илјада коњи со нив!

„Добар ден, дедо“, му рече царскиот син.

„Добар ден, момче. Од каде идеш?“ го праша стариот ковач. „И кај си тргнал?“

„Ех, дедо, голема мака имам“, вака го почна муабетот царскиот син и потоа му раскажа на дедото сè што му се случило откога ја сретна срната.

„А бре, момче, сега јас ќе ти раскажам многу работи“, му рече тажно стариот. „Како прво, оваа земја не е царството на татко ти, туку на другиот цар, а ти си се загубил. Овде цело царство е

завиено во црнина, исто како и твоето, од жал по царската ќерка што исто така исчезна. Никој не знае дека ја грабна лошата вештерка и ја претвори во срна – истата срна што тебе ти се појави. Но, овдешниот цар си мисли дека ќерка му ја грабнал татко ти за да ја направи невеста за тебе, па сега собира огромна војска за да го нападне твоето царство. Гледај, ми нареди да направам потковици за илјада коњи, ете колку е голема неговата војска.“

Царскиот син многу се натажи од овие зборови. „Дедо, ако срната е ќерката на овдешниот цар, ќе направам сè да ја спасам и да ја спречам војната.“

Стариот малку седна да се одмори, молчеше едно време и размислуваше, па рече вака:

„Синко, кога бев млад работев кај татко ти, бев голем ковач и правев чудесни сабји. Но, сега овде само коњи потковувам, никој не знае што можам да направам. Ќе земам и ќе ти исковам таква чудесна сабја, каква што никој никогаш не направил“.

И почна да ја прави сабјата. Работеше цела ноќ и в зори таа беше готова. Сабјата беше толку голема и толку тешка, што царскиот син мислеше дека нема да може да ја крене, но во неговата рака таа беше лесна како перце – затоа што беше навистина чудесна сабја.

Царскиот син му се заблагодари од сè срце на ковачот и тргна накај шумите да ја бара срната. По патот сретна една баба како бере тревки и ја праша:

„Бабо, сакам да уловам една срна. Да не си видела срни да пасат некаде во околинава?“

„Како не синко“, му рече бабата, „има многу срни овде. Но, немој да брзаш, влези во колибана, да ти дадам да каснеш и да се напиеш нешто, па потоа оди си.“

Царскиот син беше гладен, па ја послуша бабата и влезе во колибата, без да знае дека старата е токму лошата вештерка.

А вештерката си мислеше: „Овој е млад, силен, сигурно за нешто ќе ми користи. Само да видам во што да го претворам“. Мислеше, мислеше и реши да го претвори во елен. Појде, стави вино во еден бокал, а во виното истури напивка со која ги претвораше луѓето во срни и елени. Потоа му го однесе виното на царскиот син.

Тој тргна да се напие од виното, кога – во бокалот го виде ликот на срната. Таа го молеше да не пие, дека лошата вештерка сака да го маѓепса. Кога го виде тоа, срипа, ја грабна сабјата и со еден замав – ѝ ја пресече главата на вештерката!

Кога излезе од колибата, царскиот син виде многу млади момчиња и девојки кои со радост го пречекаа, затоа што сите тие беа маѓепсаните срни и елени. Во тој миг му пријде најубавата девојка, му ја подаде раката и му рече: „Одведи ме дома“. Таа девојка беше сакананата срна.

Царскиот син ја качи девојката на коњот и заминаа низ шумата. Но, кога излегоа на патот, што да видат! Од едната страна огромна војска на чело со царот – таткото на девојката, а на другата – еден сам парталав старец – царот, таткото на момчето.

Но, кога царевите видоа дека момчето и девојката се живи и здрави, заборавија на војните и неслогите и сите се смирија, се гушкаа и се бакнуваа. Потоа направија голема свадба, а кум им беше стариот ковач. Така двајцата цареви, изморени и истоштени од војните, од двете царства направија едно големо и среќно царство. Царскиот син стана цар, а царската ќерка – царица, па си живееја долго и среќно уште многу, многу години.

**ДЕВОЈЧЕТО И ДВАНАЕСЕТТЕ МЕСЕЦИ**

Си беше еднаш една жена и си имаше две ќерки: едната беше нејзина, родена ќерка, а другата ѝ беше паштерка, ќерка на мажот ѝ.

Својата ќерка многу си ја сакаше, а паштерката ич не ја милуваше, само ја караше и ѝ даваше да работи дома, како да е слугинка. Но, колку повеќе ја тераше да работи, толку повеќе паштерката раснеше во здрава, силна и убава девојка. А пак нејзината родена ќерка, која не мораше ништо да работи и по цел ден одмораше, целата беше сува и слаба, бледа и неубава да ја гледаш.

Маќеата мислеше и коваше злобни планови, сакаше да се ослободи од паштерката, па не знаеше што да смисли и какво зло да ѝ направи за да остане само нејзината ќерка. Една вечер ѝ падна на памет, кога мажот ѝ беше на пат, да ја пушти да донесе вода од чешмата, што беше далеку во шумата. До чешмата имаше едно ветерничаво дрво под кое, како што се прикажуваше, се собираат ветриштата, а наминуваат и самовилите и разни други натприродни суштества; па се понадева дека ќе ја грабнат паштерката и ќе ја однесат и веќе никогаш нема да се врати.

И така, тргна кутрото девојче ноќта на чешмата во шумата да наточи вода. Кога дојде до дрвото, виде дека под него седат единаесет мажи и една стара жена, наредени во круг. Мажите беа и стари и млади, и ниски и високи, и лични и помалку лични, а едниот од нив беше најнизок од сите. Старата жена беше смуртена и непријатна и таа всушност беше баба Марта, а мажите, пак, беа другите единаесет месеци. Најнискиот маж беше впрочем најкраткиот месец во годината – Сечко, или како што го знаеме денес – февруари.

Кога ги здогледа девојчето малку се исплаши, но потоа се созема и ги поздрави:

„Здраво-живо чичковци, добра вечер тетко, како сте, што правите?“

„Добра вечер девојче“, ѝ рекоа месеците, „арни сме, еве малку да одмориме. Туку, ти што бараш во ниедно време на чешмава? Зар не ти е страв сама низ шумата?“

„Ех, чичковци, тетко... страв-не-страв, тоа е. Маќеата ме пушти да одам по вода, а јас, како што ми има кажано татко ми, морам да ја слушам во сѐ и да ја почитувам.“ Вака им одговори девојчето.

Месеците се погледнаа меѓу себе, па баба Марта проговори: „Туку, слушај девојче, сакам нешто да те прашам. Можеш ли да ми кажеш кои месеци во годината се поубави, а кои полоши?“

„Златна бабичке", ѝ рече девојчето, „мене сите месеци во годината ми се убави, кој од кој поубав. За мене нема ниту еден лош месец."

„Тогаш оди со здравје, девојче", ѝ рекоа месеците, „и биди благословена за твоите преубави зборови. Отсега, со секој збор што ќе го изговориш, по еден златник да ти излегува од устата."

Девојчето ги поздрави, си налеа вода во стомните и си појде дома. Кога стигна, тропна на вратата, а маќеата излезе да отвори. Кога виде дека девојчето се врати живо и здраво и со полни стомни, ќе пукнеше од мака, но немаше што да направи, па ѝ ја отвори вратата и ја пушти да влезе.

Неколкупати ја праша нешто, а девојчето – колку пати прозбори, толку златници од устата ѝ излегоа. Само паѓаа златници, а девојчето се наведнуваше и ги собираше од подот. Маќеата не можеше да поверува на очите, наместо да се изгуби во шумата, паштерката се врати жива и здрава, па уште златници вади од уста. На зависта и злобата на лошата маќеа им немаше крај.

„Кој те маѓепса вака, никаквице", ѝ рече, „да вадиш златници од уста? Кажи ми или тешко тебе!"

А девојчето се исплаши од овие зборови, па седна и сè ѝ раскажа на маќеата: дека ги сретна дванаесетте месеци како седат покрај чешмата, како поразговара со нив и како на заминување ја благословија.

Следната вечер, завидливата маќеа ја пушти ќерка си со стомните да оди и да налее вода. Се надеваше дека и таа ќе ги сретне месеците, па да ја благословат да вади златници од устата. Ѝ ги даде стомните и ја испрати со следниве зборови:

„Ајде, ќерко, оди до чешмата во шумата, да налееш вода и да те благословат месеците, па да вадиш и ти златници од устата како онаа никаквица, сестра ти."

Отиде девојката кај чешмата и, навистина, месеците си седеа под дрвото исто како и претходниот пат. Девојката се поздрави со нив, а месеците ја прашаа:

„Девојко, да те прашаме нешто, па да ни кажеш: кои месеци во годината се подобри, а кои полоши?"

А девојката се помисли малку, па им одговори:

„Зар вие не знаете кои се подобри, а кои полоши, па мене ме прашувате? И малите деца знаат кои месеци се подобри. Се знае дека јануари и февруари се најлоши, а Марта е смуртена и со триста ума, па и таа не е подобра. А и другите како кој, некои се арни, некои не се".

Вака им рече на месеците невоспитаната и разгалена девојка, а месеците ѝ вратија со следниве зборови:

„Да си благословена, девојко, за зборовите што ни ги кажа. Па, отсега, за секој збор што ќе го изговориш, по едно змијче од устата да ти излегува“.

Девојката се исплаши, па побрза да наполни вода и да си замине дома. Кога пристигна, влезе низ врата и само што проговори – од устата ѝ излезе едно змијче.

„Леле ќерко“, вресна маќеата, „зошто вадиш змијчиња од устата? Зошто не вадиш златници како сестра ти? Што се случи, што е оваа несреќа што нè снајде?“

А кога се врати од пат таткото на девојчето, разбра сè и веднаш ги избрка од дома лошата маќеа и нејзината безобразна ќерка. Си ја гушна и си ја бакна ќерка си и заплака. Но, во секое зло – добро! Од златниците што паѓаа од устата на девојчето со секој збор, куќата набргу се наполни со злато, па таткото и ќерката си живееја убаво и среќно уште многу, многу години.